РАЗГОВОР СО АНА СТОЈКОВИЌ

# Нарцизмот е благороден белег

*Со својот проект „Митови и сегашност", Ана Стојковиќ учествува во изложбата „Нарцизми" со која в понеделник ќе биде отворено Скопското културно лето. Дипломирала на отсекот графика и планира до крајот на годината да ги заврши и постдипломските студии. Смеејќи се, вели дека не умее накусо да ја раскаже својата животна приказна. Но, овој разговор е, можеби, мал и скромен дел од неа*

▼ Она што мене ме интересираше е опседнатоста на човекот со својот проект, потребата едноставно да ја фати, да ја сними својата слика за да може да ужива во неа. Уметниците многу често се среќаваат со својата нарцисоидност, обично сликарите, но, толкувањето на нарцисоидноста како еден општ поим мислам дека е многу комплексно. Тоа претставува некаков вид архетип, во кој се препознаваме, каде бараме начин да ги манифестираме нашите мали животни недоумици. Најчесто е тоа преку архетипите, а митот за Нарцис, покрај оние за Едип и Пигмалион, сигурно е еден од најчесто претставуваните.

**▲ Од која димензија на нарцизмот тргна во конципирањето на проектот?**

▼ Тргнав од она што ми е поврзано со претходната работа и што ме интересира. А, последно со што се занимавав беше мултипликацијата и феноменот на копија, кој е многу битен за развојот, особено за технолошкиот развој. Како графичар, нормално е технички да се интересирам за тоа, но исто така и за манифестациите и импликациите. Минатата изложба се однесуваше за една шума што се наоѓа во близина, а јас го разгледував односот на дрвото во однос на шумата. Мојата шума од канадски тополи е артифицијална и ме интересираше дали таму може да се создаде живот како копија. Потоа почнаа да се случуваат оние интересни текстови за клонирање и конкертено се интригирав од интервјуто на еден познат чикашки физичар, кој на крајот на годината претставуваше еден од најконтроверзните личности во светот на науката. Човекот изјави дека сака да се клонира себеси и дека ќе се потруди да биде првиот што го сторил тоа. Во прв миг, нормално, се одушевив, зашто беше во контекст на темата - копија, мултипликација... Но, потоа открив дека клонирањето доведува во прашање и многу морални аспекти, како што се нарцисоидноста, желбата да се создаде свој реален лик, стравот од смртта...

Кога, стигна поканата за учество во „Нарцизми", се поврзав со клонирањето. Почнав малку да експериментирам со анимација што порано немав пробано, а, јас по традиција, сакам да се занимавам со апарати, па така делото за оваа изложба е е анимација, Нарцис го претставив како неродено бебе, што претствува симбол на живот, но не и личност. Затоа, го вметнав својот лик како сегашност. Проектот се вика „Митови и сегашност".

**▲ Како ги претставуваш митовите и сегашноста?**

▼ Ова е мала инсталација - анимација, проектирана на една хоризонтална



површина, на која ќе биде истурена сол за бањање, најверојатно миризлива, што значи вметнување уште еден хедонизам. Под неа, како симбол на водената површина за огледување е она што е ново, да речеме, монитор што ќе ја проектира анимацијата кон плочата.

**▲ Звучи интересно. Дали нарцисоидноста, одбрана како заеднички именител на 18 - те учеснички ја прими како ограничување или како поттик?**

▼ Во мојот проект многу општо е сфатена нарцисоидноста. Таа артифициелна копија на човекот, клонот, настанал баш поради нарцисоидност. Мислам дека истражувам во една глобална нарцисоидност, а нарцисоидност од тој тип се среќава и кај мажите и кај жените. Бев зачудена кога ги поврзав зборовите наркотичност и нарцизам, тие имаат ист корен - опиеност. Така, мислам, пред се, станува збор за хедонизам, и тоа конкретно автохедонизам. Жените се, веројатно, посклони кон таков вид уживање, особено што пред огледало поминуваат повеќе време.

**▲ Дали си по природа нарцисоидна?**

▼ Кога имам време! А, се трудам да зграпчам време! Мислам дека е многу битно човек да има доза на нарцисоидност. Тоа е благородно одличје, не е нешто што го нагрдува човечкиот карактер.

**▲ Во одредени граници, претпоставувам...**

▼ Да, но не би сакала да замислам човек, кој не е нарцисоиден во одредена мера...

**▲ Младите уметници како тебе се почесто се определуваат за концептуалната уметност и за користењето нови техники. Каков е твојот став кон ова?**

▼ Мојата генерација на уметници, на некој начин неминовно, со сакмото исчекорување од студиите има избор или да продолжи до некаде по тој концептуален пат или да се определи за едно, според мене, поспокојно творештво, врзано повеќе за ателјето. Нема уметничко дело што нема концепт. Ако нема концепт, тоа е декорација, дизајн... Па, дури и дизајнот има концепт. Досега, мислам, немам направено исклучиво концептуално дело. Можеби поради тоа што сум графичар, а графичарите тргнуваат од медиумот. Ова ми е прв проект, кај што концептот, на некој начин, е дојден до поголем израз во она што го правам.

**Ј.Ф.**